# 345. АФИЗЕЈА




Афизеја ќе ја мажат,
за еден старец,
Ано мори де, мене не ми е денгот,
Афизеја, мори чедо,
многу се зенгини.

Ќа го земиш, ќерко мори,
тој штрби Ѓевдо,
штрби Ѓевдо, Афизеја ќерко,
он си има, мори ќерко,
големиот чифлик.

Јас го нејќум, Ано мори,
тој штрби Ѓевдо,
јас го сакам Аки пеливан,
он си има, мори Ано,
бисери заби.

Ќе му жвакаш, ќерко мори,
ти ќе го раниш,
ќе го земиш штрбиот Ѓевдо,
он си има, мори ќерко,
белите сарам.

Афизеја се јомажи,
за штрби Ѓевдо,
Ано мори де,
на душа ме зеде,
Афизеја мори чедо,
таксират ти било.



Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995